*билтен бр.2*

01-08 јуни 2012
47
МТФ
Прилеп

# Војдан Чернодрински








*01-08 јуни 2012*

# за љубовта и за гледалиштето

Речиси пет децении во градот под Марковите кули се вреднува, превреднува и величи театарскиот производ. А добар специјалитет, бара префинет дегустатор. Македонскиот театарски фестивал, едноснавно, ја има најдобрата театарска публика-критичар, сунѓерот кој ги прима пораките од претставите, аморфната маса која потоа се обликува и реагира: позитивно, со овации или ладно, воздржано. А дека Прилеп го има најпрефинетото, најизграденото гледалиште со есенцијални спсобности, знаат сите чинители на театарската продукција. Впрочем, тоа го потврди и еден од добитниците на наградата за животно дело, актерот Владимир Светиев. Со извесна драматичност, можеби по малку и одглумена возбуда и трема, доблесно призна дека во неговиот живот токму прилепската публика е таа која никогаш нема да ја забарови. Затоа што знаела да ги награди добрите ролји, или пак, кога нешто не било како што треба со улогата публиката била рамнодушна и да казни.

Својата префинетост кон театарските дела, со посебен сенс за препознавање на театарската игра и магија, публиката ја докажа и при претставата на тетовскиот театар. Иако јазикот, оној кој се говореше во претствата, за повеќето беше неразбирлив и туѓ, гледачите ја препознаа актерската игра и ја наградија. Со аплауз. А како знае да наградува и величи прилепскиот гледач, најдобро докажа долгиот громогласен аплауз за човекот кој е дело од овој фестивал, за актерот Кирил Ристоски. Беше тоа реквием, мементо, беше тоа величествена почит за создателот на бројните улоги, за нивниот Кире. Се крена градот, застан простум за човекот чие авторско дело е поголемо од неговиот живот!

Не е претенциозно, ама прилепската публика е таа која го одржува и движи Македонскиот театарски фестивал. Таа е љубовта на светот, таа е страста на животот. И се додека театарските уметници, драмските автори, драматурзите, режисерите, актерите, костимографите, сценографите успеваат да ги будат емоциите кај секој гледач, дотогаш овој фестивал ќе живее и опстојува.

Публиката е фестивалот!

## награда за животно дело Владимир Светиев, актер



# замесено тесто со крв

**Какво е чувството на лавроносец?**

- Наградата ја примам како круна на мојот изминат творечки пат на сцената, кој започна во последните триесетина години од минатиов век и се крунисува за улоги одиграни во првата деценија од новиот милениум. Верувам дека изминатите години во театарот, достојно ја заштитував професијата. Секојдневната борба на актерот за вистинитоста во сопственото творештво, за духовноста, искреноста, топлината е предизвикот за неговиот потрошен живот во театарот.

**Како ја дефинирате уметноста?**

- Уметноста е најсилно оружје на еден народ. Во овој разулавен 21 век на живеење, век на војни, нови психози, трауми... век, каде над земјата летаат јата атомски печурки (експерименти си правеле воените сили- каква иронија?), се зголемува значењето на уметноста и нејзината функција. Уметноста сумирала многу искуства на земјата, уште кога човекот првпат запалил оган да ја стопли душата на својот близок и за својата сакана испеал песна. Денес, кога живееме во некаква приземна проsирност, ефемерност, кога ритамот на живото е брз, кога човекот е без пари, притиснат со илјадници проблеми во главата за неплатено парно, струја, вода, кредити, банкарски картички..., уметноста сигурно нема да ги реши тие невидени банкарски-лихварски камати. Но, уметноста е таа, која проблемот на секојдневието го воздигнува во повеќе сфери на човековата мисла, му помага на човекот да му дојдат што почисти и појасни мисли за суштинските проблеми кои нé опкружуваат. Затоа живееме со надеж дека човештвото ќе ги победи мрачните сили, тие "стада на крилати црни крави", кои летаат над нашите глави, (знам дека ова звучи парадоксално и наивно дека уметноста ќе ги победи сите сили на злото, кои би сакале да ја замрзнат душата на човекот).

**Кога беа првите контакти со сцената?**

- Тоа беше далечното, 1964-то лето господово во Битола. Соседот, пријателот и прекрасен актер Методија Марковски, првпат ме внесе на сцената на тогашниот битолски народен театар. За жал, подоцна, оваа ретка историска знаменитост и гордост на архитектурата, беше варварски уништена од "стадото крилати крави", кои слетаа над овој ПЕТИТ (мал) театар и безмилосно ги распарчија неговите ложи, балконот, галеријата.., сé што мирисаше на театар, на едно минато. Таа патина што би ја посакал кој било театар во светот, беше претворена во прав и пепел од тешките булдожери во една убава битолска ноќ.

Значи, Мендачот ме запозна со режисерот Душко Наумоски кој бараше статисти за претставата "Река без брегови", која се подготвуваше на младинската сцена. Тоа беше моето крштавање. Првпат го помирисав мастиксот (театарското лепило) и тој мирис, како нафора на грешникот по причесна, ми остана засекогаш, длабоко во мене. Подоцна станав студент на Академијата за театарска и филмска уметност во Загреб. Имав среќа да го запознаам професорот Илија Џувалековски од кого ги научив првите чекорења на сцената, како бебето кога првпат проодува. Ги учев таинствените нешта во оваа бескрајна и никогаш научена уметност.

**Што значи "талент"?**

- "Талент" е мислена именка. Не постои! Приврзаник сум на старата, исползувана патетична фраза: работа, работа и, само, работа! Како млад работев многу. Се сеќавам кога ја работев монодрамата "Дневникот на лудиот" од Гогољ. Пробите почнуваа од 10 ч. навечер, а завршуваа во четири наутро во пеколно темпо.

**Како "влегуваш" во улогата?**

- Да се влезе во тој креативен чин на откривање на вторите, третите планови во "ЛУДИЛО" на еден Гогољ не е лесно. Треба способност длабоко да се доживува, прецизно да се мисли, да се почуствуваат сценските конфликти и да се издржи до крај, до последната реплика. А, и потоа, откако ќе се спушти завесата, некаде во гардеробата, каде уште во дамарите отчукуваат разулавени мисли на Попришчин. Зашто, Гогољ влегол во најтенките сфери на сложеноста на човековата душа.

**Што помага?**

- Ако имате цврст, изграден став за одбрана на ликот кој го играте, тогаш има сигурност во играта. Тука можеби се крие тој креативен фундамент. Често ме прашаат: "Како ја работеше улогата?", а јас не знам или не можам да објаснам, да дефинирам. Тоа е склоп на многу околности, на необјасниви, внатрешни, "мали нешта" што се случувале при пробите, дома, на улица, во кафеана..., кои и сега некаде тлеат во недофатливите пространства на психата.



**Уметничка аура? Како го објаснувате тоа?**

- Уметничка аура? И за неа немам дефиниција и објаснување. Тоа го дава Господ. Дали јас сум ја имал - немам поим! Велиме, тоа е нешто "убаво". Тој зрачи на сцената, како ореол да има над главата. Ова се чудесни метафори. Блазе на оној уметник што ја има. Ристо Шишков често зборуваше за големиот руски актер Инокентиј Смоктуновски. Кога немаше текст на сцената, велеше, "сите гледавме во него, а целиот монолог го одигра свртен со грб кон публиката, а ние му ракоплескавме на отворена сцена". Ете, можеби тоа е таа "АУРА", не знам.

**Како доаѓате до творечка енергија?**

- До творечка енергија се доаѓа со голем труд. А и таа некогаш не е доволна да се направи добра улога. Честопати мислам дека поголемиот дел од одиграните улоги ги имам промашено, а и така е. Нема актер во светов, барем јас не познавам таков, кој сите улоги ги одиграл добро. Кога генијалниот Лоренс Оливие призна во своите мемоари дека стои само зад неколку улоги, а другите не ги смета за уметност, што би кажале ние, обичните смртници.

**Што е искуството?**

- Ако нешто добив при работата на сцената овие 40 години, тоа е искуството. Работејќи на ликовите на сите тие различни луѓе, со различни карактери, друга психологија... и да навлезеш макар малку во нив, во нивните скриени, духовни лавиринти, ете ја огромната радост  и богатство на душата на нашата професија. И тогаш не ви е жал за потрошениот живот, жртвуван на сцената.

**Како ги работите улогите?**

- Никогаш улогите не ги работам дома, туку во театарот, на пробите, или шетајќи по улица, покрај река, во некоја шума или меана. Патетично, но така е. Тоа е мојот начин на работа. Дали тоа ми остана уште од студентските денови во Загреб, кога со текстот в џеб со часови шетав по Сава и ја работев улогата, не знам! А, дома, на ламба, не можам да работам. Се чувствувам како затворен во кафез, без идеја во главата и анемичен, без енергија. Комуникацијата со ликовите кои ги напишал Чехов, Достоевски, Шекспир или нашите Живко Чинго, Петре Андреевски, "е убава, тешка работа". Тешка, зашто не е лесно да се пронајде магичниот клуч, кој ќе го разоткрие ликот со сите негови сетила, духовно и физички. Анатолиј ЕФРОС (големиот руски режисер) во својата книга "Пробата - љубовта моја" запишал: "Актерот, добро ја земесил својата улога што го потсетува на мајка ми кога бев дете и ја гледав како со своите раце маестрално го месеше тестото да го испече лебот. Со таа разлика што актерот, имав впечаток, го замесил тестото на улогата со својата сопствена крв, давајќи ги сите сетила, нерви, мисли...".



**Зошто 40 години сте театар?**

- Ќе го цитирам мојот омилен писател Албер Ками. Единствен одговор кој досега го пронајдов ќе изгледа, без сомнение, банален. "ЗАТОА ШТО ТЕАТАРОТ Е ЕДНО ОД МЕСТАТА ВО СВЕТОТ КАДЕ СЕ ЧУВСТВУВАМ СРЕЌЕН. ТЕАТАРОТ Е ЗА МЕНЕ ЕДЕН ВИД МАНАСТИР - ХРАМ. НЕМИРОТ КОЈ ВЛАДЕЕ ВО ОВОЈ РАЗУЛАВЕН СВЕТ НА ОМРАЗИ, ВОЈНИ И УНИШТУВАЊА, УМИРА ПРЕД ЅИДОВИТЕ НА ОВОЈ ХРАМ, А ВО ВНАТРЕШНОСТА НА ОВИЕ СВЕТИ ЅИДОВИ ЖИВЕЕ ЕДНА ЗАЕДНИЦА НА ВЕРНИЦИ, КОИ ЈА ПОДГОТВУВААТ СВОЈАТА СВЕТА СЛУЖБА КОЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ПРВПАТ"!

## гледавме . . .

НУ Тетовски театар - Тетово
**" Со тупаница на ножот"** од Аугсто Боал
Режија: Сулејман Рушити
Играа: Бурхан Амити, Мерита Чочоли Сали, Зарије Јонузи, Елмер Сејфулаи, Наиме Ази и Дрита Аме



## претставата . . .

Публиката имаше своевиден хендикеп поради неразбирарањето на албанскиот јазик, но актерската игра беше таа која им ја претстави приказната дека една група од шест мина млади сакаат да заминат во Европа. На тој пат кон бегството, секој со својата судбина, со својот куфер на среќа и несреќа, односно со исполнети и неиплнети желби, се обидува да побегне, но никако не успева да се спаси. Со скромна сценографија, публиката која е на сцената заедно со актерите и го чувствува мирисот на куферите, ја чувствува желбата за бегство, за спас, за промена, која никако да дојде. Бурниот аплауз на избраната публика беше потврда дека тетовскиот театар создава производ кој успева да комуницира и прави фит бек со публиката.

**Селејман Рушити,** режисер:

И покрај јазичната бариера пренесена е емоцијата која треба да допре до публиката. Се работи за текст на Аугусто Боал, кој е бразилски автор, еден од најзначајните на 20 век и има придонес во формирањето на нов вид театар - театар на притиснатите. Оваа пиеса е напишана во 70-тите години и јас 15 години текстот го носам со себе. Сега сум, на некој начин, во поголема дистанца од егзилот, од збиднувањата кои ни се случија на Балканот на сите. Во текстот се зборува за два вида егзил: на егзилот во смисла на просторот и за потребата на егзил од душата, од внатрешноста. Овие шестмина луѓе, три двојки кои случајно се затекнати во таа просторија, бегаат секој од својот претходен живот во некојси иден живот, но се вртат цело време во круг.

**Бурхан Амит,** актер:

Го играв ликот на Паоло. Тој е еден вид револуционер, кој не сака да ја прифати реалноста која се случува во средината,

нередите во државата, бегалците кои одат од едно место на друго, па сакаат да бегаат во друга држава. Се грижи за другите за да ги одржи во живот, особено својата жена, која се предала и оди кон хистерија и епилепсија, за на крајот да се самоубие. Бидејќи оваа претстава е камерна, публиката ти е пред нозете каде што играш, и нормално, подобро ја чувствуваш, дури и нејзиното дишење, нејзините чувства. Нели секој човек има простор до каде рефлектира енергија, позитивна или негативна. Во оваа претстава и во оваа сцена, таа енергија мошне добро одеше од актерите до публиката и обратно.

**Мерита Чочоли Сали,** актер:

Марија е лик кој го чувствува најмалото движење во средината, особено во државата каде има диктатура. Таа е жена со ментална и физичка болка која не ги прифаќа и не може да ги издржи. Драмата на оваа жена ја наоѓам во балканската драма, во драмата на нашите мајки, сестри, во сите националности кои ја доживеаја. Се самоубива, убивајќи ја својата рожба во стомакот. Пораката што ја праќа не е само депресијата, туку е порака до сите политичари да не внесуваат толку страв, паника и лоши чувства.

**Елмер Сејфулаи,** актер:

Јас сум докторот кај аристократско семејство, а кој паднал во проблеми и морал да се ожени со жената која не ја сака, но е богата. Тоа е брак од интерес, но со одењето во Европа се гледа дека ништо не се менува. Од разговорите со неколкумина од публиката по завршувањето на претставата, дознав дека и покрај јазичната бариера, ги разбрале суштината и пораката. Оваа претстава ќе биде поттик идната година Тетовскиот тетар да има повеќе публика.



## *публиката . . .*

- Малку неразбирлива претстава, но ги следев движената на актерите. Се обидував да разберам што сакаат да кажат. Ми помогна репликата на српски јазик и делот кога зборуваа на англсики за да ја разберам приказната.
- Искрено се помачив, но актерите се на вистинскит пат за професионализам. Интересна претстава.
- Театарот има еден универзален јазик, тоа го покажаа и актерите на тетовскиот театар. За мене непознат автор, но режисерот ни е познат.

## гледавме . . .

НУЦК "Марко Цепенков" - Прилеп
Народен театар "Војдан Чернодрински" Прилеп

**"Калигула"** од Албер Ками
Режија и музика: Зоја Бузалковска

Играа: Александар Степанулески, Даниела Иваноска, Димитар Ѓорѓиевски, Игор Трпче, Трајче Иваноски, Никола Настоски, Димитар Црцороски, Зоран Иваноски, Александар Тодески, Андон Јованоски, Најдо Тодески, Милан Секулоски, Наташа Наумоска и Марија Спиркоска - Илијески.



## претставата . . .

Импресивен театарски чин во кој, со многу симболи, силно и смело, е раскажана приказната за човекот кој секогаш го избира нечовечкиот, наместо човечкиот пат. Се реоткрива денешницата, битката за пари и моќ низ разврат, отсликувајќи го светот како поле за самоволие и ограбувања, а не на љубов и морални вредности. Современиот Калигула е пренсен со силен емотивен набој, сугерирајќи дека сé околу е лага, иако во стравот искрат стремежите за поставување на вистината на пиедесталот. Драматуршки, претставата е втемелена на комплексната игра на носителот на ролјата на Калигула, кому останатите ликови го полнат со посилна импликација. Музиката, сценографијата и костимографијата импресивно го креваат нивото на теетарското доживување.

---

**Зоја Бузалковска,** режисер

Не зборувам за награди, туку за добра работа и соработка со прилепскиот тетатар, каде наоѓам добра екипа за проектот. А наградите, тоа е помалку важно. Не се споредува претходната моја работа во прилепскиот театар со "Таму каде што не сум бил" и сега, со "Калигула", затоа што се сосема различни пристапите и делумно, различни се екипите.

Првиот беше друг процес, друга естетика..., а "Калигула" е работена со проширена екипа на тежок текст, со кој се боревме, иако има многу мани, многу проблеми од драматуршки аспект. Имавме долг и макотрепен процес, кој се надевам дека сега го поприма задоволството за игра и развој на претставата.

**Александар Степанулески,** актер

Во принцип, не го менувам пристапот на фестивалска или друга игра. Битно е публиката да е задоволна, да следи до крај, иако претставата беше од 22 часот. Нема разлика во играта, освен што еуфоријата е дополнителен момент. Во принцип сум задоволен. Одлично е чувството, фестивалско, во координацијата со екипата и публиката, Инаку, актерскиот тим функционира стандардно. И, Боже здравје...

## *публиката . . .*



Илија Стеваноски - Кога се сметаше дека е пред врвот и треба да се сталожи актерската дарба на младата екипа на прилепскиот театар со двата феномена на Мартин Кочовски, "Тапани во ноќтата" и "Кавкаскиот круг со креда", Бузалоковска пак го распламти творечкиот инстинкт и го вивна талентот на актерите во "Калигула". Останува прашањето: Дали овде е највисокиот дострел и творечки ритам или пак младиот тим засилен со Трајче Иваноски и со "стандардните" Андон Јованоски и Најдо Тодески допрва ќе се качува до ѕвездите. Мислам дека овој тим располага со неисцрпна сила за нови креативни ангажмани, за заслужени признанија. Овие "деца", со мајсторска режисерска рака, ќе грабат нови театарски трофеи, ќе ги полнат салите и ќе ја движат македонската култура кон Европа, пред сѐ друго.

Милан Иваноски - Што да се каже за Калигула? Едно ново видување за болниот Император, кој според табиетот, е насекаде околу нас. Актерите и режисерката преку вонредната игра упатуваат порака за влијание на "сонцето" за расчистување на моралната темнина, надвисната околу. Да се задржи публиката на столица два и кусур часа, да се ужива во магијата која го победува сонот околу полноќ, е можно само со вуртуозна игра, обликувана од силната режисерска палка.

## гледавме . . .



Македонски народен театар- Скопје
**,,Животот на Молиер,,** од Михаил Булгаков
Режија: Александар Поповски
Костими: Снежана Пешиќ- Раиќ
Сценографија: Свен Јонке
Играа: Никола Ристановски, Саша Димитровска, Емил Рубен, Драгана Костадиновска, Оливер Митковски, Марија Новак, Николина Кујача, Игор Ангелов, Нина Деан, Дениз Абдула, Никола Ацески

## претставата . . .

Многу интересна, обликувана со многу симболика, режисерот Александар Поповски ја донесе претставата ,,Животот на Молиер,, на прилепската сцена. Целата приказна е претстава во претстава. Режисерската концепција тука понуди актерите сами да се погрижат не само за играта туку и за обликувањето на атмосферата што обликува повеќеслојна игра. Тоа е многу битно бидејќи претставата говори за еден од познатите драмски автори Молиер, а целиот негов живот претставува некоја драма. Публиката во салата одлично ја прифати и ја награди со аплауз. Многу атрактивно режисерот го реализирал замислениот крај, кој преминува во своевиден концерт на целата екипа. Претставата предизвика одлично чувство особено со енергијата што и ја пренесуваше на публиката, која имаше можност да се запознае како изгледа претстава работена како театар во театар. Молиер одлично го игра Никола Ристановски, кој брилјираше во жестоките монолози, при тоа порачувајќи дека ова е нивната сцена и на неа тие се господари.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**Никола Ристановски,** актер

Морам да признаам дека многу пати сум доаѓал во Прилеп, ама сега првпат дојдов со чиста радост. Драгоцено е моето доаѓање тука. Имаме заедничка километража со прилепската публика, 12 - 13 претстави сум одиграл. Многу ми е ќеиф што сум тука. Оваа претстава е продолжение на она што го работевме претходно со Поповски. Се обидовме да продолжиме каде што застанавме, да се профилираме, да истражуваме, да се занимаваме со театар. Тоа е отворена театарска рана. Фестивалот ,, Војдан Чернодрински,, со сите поминати години, со сите за и против, е нашиот фестивал. Немаме друг.

**Нина Деан,** актер

Претставата одлично помина. Среќна сум поради реакцијата на публиката, која беше задоволна од нашата игра. За

тоа сведочи долготрајниот аплауз. Мислам дека мојата улога, улогата на Арманда, на прилепската сцена ја одиграв многу храбро.

**Игор Ангелов,** актер

Уживав во играта и мислам дека поминавме одлично. Публиката многу добро не прифати. Претставата ,,Животот на Молиер,, бара енергија да се игра. На сцената синоќа излезе на виделина нашата колективна игра.
Секогаш кога доаѓам во Прилеп срцето ми чука, кога застанувам на сцената се чувствувам поинаку, затоа што тука беа моите почетоци.

## *публиката . . .*

-Фантастична претстава. Немам зборови. Воодушевена сум од играта на ансамблот на МНТ.
- Многу добра, мајсторски изработена претстава. Очигледно режисерот знаел што прави.
-Никола Ристановски повторно пред нас играше фатанастично. Алал да му е. Уживав гледјаќи ја претставата.

---

Продукација : ТЕАТРА - Скопје
**“Звукот на коските што се кршат”** Сузан Лебо
режија: Билјана Радиноска

“Звукот на коските што се кршат” е трогателна приказна за едни деца, во која младите актери од ансамблот “Театра”, сосема добро се соживеале со сите преживувања и доживувања на јунаците од Лебо. Во целиот хаос во кој живееме во овој општетсвен миг, ваквите навраќања на суштинските вредности од животот, како што се среќата, љубовта, стравот, војните не само што се потребни, туку можат да бидат корисни, да имаат порака.

**Билјана Радиноска,** режисер:

Фасцинантен текст, со актуелна содржина, во кој, сите ние како екипа, и буквално сме заљубени. Премиерата ја имавме во септември минатата година, и уште тогаш, претставата беше одлично примена од публиката. Почестени сме што сме дел од програмата на овој престижен Фестивал, кој за нас претставува големо искуство. “

**Марија Зафировска** - продуцент :

“ Како основач на Тетарот “Театра”, кој постои само една година, тоа што веќе се најдовме на МТФ “Војдан Чернодрински”, за мене е голема чест. Ми импонира укажаната можност да бидеме дел од големите случувања во театарот, во кого, уште од мала, едноставно сум вљубена. Како Продукција, зад себе имаме три проекти, а “Звукот на коските што се кршат” е нашиот втор проект.

## гледавме . . .




НУКЦК Григор Прличев" Театар- Охрид
**"Полицајци"** од Славомир Мрожек
Режија Андреј Цветановски
Играа: Никола Тодороски, Валентин Костадиновски, Стрезо Стаматовски, Ивица Цонев, Адријана Билаловиќ, Горан Стојаноски, Никола Ристески, Игор Георгиоски, Владимир Ристески, Катерина Петреска.

## претставата . . .

"Полицајци" е претстава чии преокупации публиката веднаш ги препознава. Работена според текстот на Славомир Мрожек може да се каже дека зборува за тортурата врз човековиот ум, за намерата индивидуалноста, посебноста да се покорат пред тоталитаризмот како средство за владеење, а кое сака да го скрши духот, хуманото во човекот за наводно, да се создаде совршен систем. А тој систем контролира. Прашањата што си ги постави ансамблот на охридскиот театар и на кои понуди одговори во претставата се: Дали сакаме едноумие или слобода на духот, дали треба да се уништат вистината, оттука и субјективизмот, и на крајот, дали треба да се уништи човекот во нас? Се чини однапред ги знаеме одговорите.
Оттука публиката, во првиот момент ја разбра основата , правилно ја протолкува актерската игра на ансамблот од Охрид.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

**Андреј Цветановски,** режисер.
Со ова претстава трет пат соработувам со охридскиот театар. Тоа многу помогна за еден ваков комплициран и херметички текст каков што е "Полицајци" на Мрожек, а сепак толку актуелен за кој било систем. Текстот говори за човекот и неговата расипаност во одреден систем. Важи за сите системи затоа што потребата за моќ кај човекот е универзална и непроменлива. Многу сум задоволен од изведбата и мислам дека се покажавме во вистинско светло пред прилепската публика.

**Горан Стојаноски,** актер
Премиерата беше во април. Имаме идеја да направиме трилогија според текстовите на Славомир Мрожек и претставата "Полицајци" е првит дел. Зошто Мрожек? Тој е актуелен, безвремен, ги критикува системите, воопшто, во принцип, зашто системот го заборава индивидуализмот. Посебно, кога системот е тоталитаристички или кога е

ексклузивно капиталистички. А тој, развивајќи ја економијата, несвесно ја “цица” суштината на човекот. Ние сакавме да дадеме еден знак дека луѓето, меѓу себе, прво треба да си ја признаат вината за сé. А тоа алудира на кревање на свеста за да се зачува душата. Индивидуата и во денешно време е нападната и мора да се заштитува на различни начини. Мора да се дојде до вистината чиј пат е трновит.

**Никола Тодороски,** актер
Во Охрид, каде непосредно пред оваа вечер ја игравме претставата, добре ни дојде како загревање пред настапот на Фестивалот. Задоволен сум од изведбата овде и како публиката ја прфати претставата. Со режисерот Цветановски со кого ова е трета претстава, имавме одлична соработка

**Стрезо Стаматоски,** актер
Пријатно сум изненаден од одличната организација на Фестивалот и чест ми е што како театар на годишнината за прв пат сме во конкуренцијата за награди. Задоволен сум од мојата и изведбата на колегите, посебно ми е мило што убаво се покажаа моите ученици од драмското студио “Младинска театарска сцена” што ја водам во Охрид. А во Охрид, веќе се обликува публиката и имаме полни сали.

## публиката . . .

- Ми се допадна претставата. Играта на актерите беше одлична, а и темата што се обработуваше. Интригантна.
- Претставата ми се допадна затоа што отвора многу “човечки” прашања за системот во кој живеел Мрожек, но и за сличностите со системот денес. Претставата прави да се замислиме дали сме сите виновни или да ги посочиме виновниците.

## една година постоење

Охридскиот театар токму на 3 јуни, кога ја играше претставата “Полицајци” во конкуренцијата за награди одбележа една година од формирањето. Лани на тој ден беше првата премиера на театарот “Метаморфози”

Годинава Театарот ќе работи на уште четири претстави. До крјаот на јуни ќе бид епоставена “Свадбата на Итар Пејо” во режија на Дејан Дамјановски, во август почнуваат подготовките на претставата “Малограѓанска свадба” од Бертолд Брехт во режија на Дејан Пројковски и потоа уште две претстави кои се дел од трилогијата “Славомир Мрожек”.

Фаcтивалот упатува искрени честитки и на охридскиот театар му порачува” СРЕЌЕН РОДЕНДЕН! Многу успеси на сцената.

п.с. И дај боже, повеќе пари.

# а т м о с ф е р а . . .



Инсталција на **Театар=театар+/-** во фоајето на театарот "Војдан Чернодрински" на Филип Јовановски




Почит за актерот Кирил Ристоски

## *Илуминацијата на сценографијата*

Инсталацијата на дизајнерот Филип Јованоски **Театар=театар+/-** е дело на прогресивноста. Концептуалната визуелна креациија со симболи на тетарот низ илуминацијата и сенките, низ извитканите метални прачки, е иновативен поглед на сценографиите. Со преиспитувањето на улогата на актерите, публиката, се редефинира улогата на просторот за изведба на театарската претстава. Инсталацијата претставува поткопување на традиционалните норми и пребарување нови пристапи кои проникнуваат инветивни визуелни сценографии.



Сите во театар: Новите актерски "сили" на прилепскиот театар

# ќе гледаме . . .

Понеделник, 4 јуни
19.30 ч. - Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,Парите се отепувачка,,** од Крле, во режија на Александар Ивановски
Театар Штип

22.00 ч.- ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,,Вишновата градина,,** од Чехов, во режија на Ѕвездана Ангеловска
Битолски театар

24.00 ч. - Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,4.48 Психоза,,** од Кејн, во режија на Ѓорѓи Јолевски
Културен центар,, Квартет,, во копродукција со МНТ

Вторник, 5 јуни
12.00 ч.- Сцена 105 - ЦК ,,Марко Цепенков,,
Трибина:
**Театарот и новите форми**

19.30 ч.- Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,Сексуалните неврози на нашите родители,,** од Берфус, во режија на Александра Кардалевска
Театар Струмица

22.00 ч.- ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,,Змеј,,** од Шварц, во режија на Шкипе Дука
Албански театар Скопје

24.00ч.- Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,Ниваму ни таму,,** -Бојан Трифуновски, Симеон Дамевски и Љупчо Тодровски
ЦК,, Григор Прличев,, Охрид и продукција ,, Видик,, Скопје

Среда, 6 јуни
12.00 ч.- Сцена 105- ЦК ,,Марко Цепенков,,
Промоција на театарска литература

19.30 ч.- ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,,Приказната за Шехерезада и Шахријар,,** според приказните од 1001 ноќ, режија Дејан Дамјановски
Турски театар - Скопје

22.00 ч.- Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,Онегин,,** од Пушкин, режија Ѕвездана Ангеловска
Велешки театар

24.00 ч. - ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,, Љубовникот,,** од Пинтер, режија Ирена Стеријовска, дипломска претстава во класата на проф. Дејан Пројковски
ЕСРА Скопје

Издавач: 47 МТФ „Војдан Чернодрински" – Прилеп
За издавачот: Петар ТЕМЕЛКОВСКИ
Фотографии од документацијата на театрите

Македонски театарски фестивал
„Војдан Чернодрински" – Прилеп
Центар за култура „Марко Цепенков"
7500 Прилеп
Република Македонија

тел. (048) 401 630 / 425 520
факс (048) 401 631

e-mail mtf_vc@yahoo.com
info@mtf.com.mk
web www.mtf.com.mk

Секретар на МТФ: Стојан ДАМЧЕСКИ
Технички Секретар: Љупчо ТОДОРОВСКИ

Уредници на билтен:
Елизабета МИТРЕСКА
Каролина МИЦЕВСКА
Љупчо МУРГОСКИ
Каролина ДУРЛО
Светлана РИСТЕСКА

Уметнички директор: Петар ТЕМЕЛКОВСКИ

Извршен одбор на МТФ:
Сенко ВЕЛИНОВ – претседател
Бранко ЃОРЧЕВ – член
Адем КАРАГА – член
Јордан ВИТАНОВ – член
Валентин СВЕТОЗАРЕВ – член

Собрание на МТФ:
Сенко ВЕЛИНОВ - МНТ Скопје
Јордан ВИТАНОВ - Театар Велес
Бранко ЃОРЧЕВ - Драмски театар Скопје
Јелена ЖУГИЌ - Театар „Комедија" Скопје
Адем КАРАГА - Албански театар Скопје
Трајче КАЦАРОВ - Театар Штип
Атила КЛИНЧЕ - Турски театар Скопје
Драган МАЏИРОВ - Театар Струмица
Роберт ПАВЛЕСКИ - Театар Куманово
Валентин СВЕТОЗАРЕВ - НТ Битола
Горан СТОЈАНОВСКИ - Театар Охрид
Валмир АЗИРИ - Тетовски театар Тетово
Тони ЧАТЛЕСКИ - Театар Прилеп

Жири:
Братислав ДИМИТРОВ
Веби КЕРИМИ
Златко СЛАВЕНСКИ

01-08 јуни 2012 47 МТФ Прилеп

Војдан Чернодрински